Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Бр. 18 – 2052 / 2
06-10- 2025

ДО: ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ
Сектор за анализа на политиките и координација
**Одделение за соработка со невладини организации**
Булевар „Илинден“ бр.2, 1000 Скопје

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 08-10- 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| | 49-8816/2 | | |

ПРЕДМЕТ: **ИЗВЕСТУВАЊЕ**

ВРСКА: **Ваш Допис** со архивски број: 49-8816/1 од 17.09.2025

Почитувани,

Во врска со дописот со горенаведениот број и датум доставен од ваша страна, со барање за произнесување по однос на приложената Предлог-иницијатива за Програмата за работа на Владата на РСМ за 2026 година, со наслов „Креирање на Национална стратегија за е-услуги на локално ниво“, ве известуваме дека во рамките на делокругот на своите надлежности, Министерството за локална самоуправа ја оценува истата како релевантна и прифатлива.

Воедно, би сакале да нагласиме дека согласно последните измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РСМ“ бр.121/24, член 26-а), за целиот процес на креирање стратешки документи од областа на дигитализацијата, надлежно е Министерството за дигитална трансформација.

Дополнително посочуваме дека Министерството за локална самоуправа (МЛС), во рамките на своите надлежности, активно ги поддржува сите инцијативи кои се во насока на обезбедување услови за ефикасно и непречено функционирање на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), вклучително и со акцент на сите активности поврзани со процесот на дигитализација на услугите на ЕЛС, особено имајќи ја предвид комплементарноста на Компонентата 3 (квалитетни локални услуги со целосен опфат на населението) од Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, како и на активностите во таа насока во кои учествува и МЛС, заедно со надлежното Министерство за дигитална трансформација, како и со поддршка на УНДП.

Со почит,

**Министер за локална самоуправа**
**М-р Златко Перински**

Подготвил: Државен советник, м-р Владимир Кироски дил
Одобрил: Државен секретар, м-р Јулијана Павковска-Боцевска

*Доставено и до: Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис".*